РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISJ SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

**0819 СПИ.бр.03-27/21-4**
**15.12.2021 година**

Врз основа на член 20 и член 21 а в.в со член 24 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од 09.12.2021 година, поднесено од барателот Мартин Пушевски - новинар/соработник на „Само прашај“, Институт за комуникациски студии - Скопје, имателот на информации - Управен суд Скопје на ден 15.12.2021 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 09.12.2021 година поднесено од барателот Мартин Пушевски - новинар/соработник на „Само прашај“, Институт за комуникациски студии - Скопје , СЕ УВАЖУВА.

Се дава следната информација од јавен карактер:

„Се доставува анонимизирана пресуда на Управен суд У-3.бр.216/2021 од 05.10.2021 година.“

О б р а з л о ж е н и е

Барателот Мартин Пушевски - новинар/соработник на „Само прашај“,Институт за комуникациски студии - Скопје, на ден 03.12.2021 година до Управниот суд по електронски пат достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

„1. Не интересира дали инвеститорот, ДЕКТУ Економско биро ДОО Скопје, претставувано од Борислав Стојменов поднел жалба до Управниот суд против Решението за отстранување на Општина Центар (ИП1 бр.33-103 од 30.11.2020 година ) и одлуката на Државна комисија за одлучување во втор степен?

2. Дали ако жалбата е поднесена до Управниот суд, тој има право да гради, имајќи предвид дека е донесено Решение за затворање на градилиштето?.“

Имателот на информацијата, врз основа на спроведената постапка, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), позитивно одговори на истото, и до барателот по електронски пат достави решение 0819 СПИ.бр.03-27/21-2 од 07.12.2021 година, со кое го запозна со бараната информација, односно дека по извршено пребарување во електронскиот систем АКМИС во судот, е констатирано дека од страна

на тужителот ДЕКТУ Економско биро ДОО Скопје, на ден 27.04.2021 година до Управниот суд е поднесена тужба против решение ИП2.бр.10-317 од 25.02.2021 година на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, при што е заведен предмет под У-3.бр.216/2021. Постапувајќи по поднесената тужба, на ден 05.10.2021 година од страна на надлежниот судечки совет е донесена пресуда У-3.бр.216/2021 од 05.10.2021 година. Незадоволен од донесената пресуда на Управниот суд, од страна на тужителот на ден 17.11.2021 година е изјавена жалба и е во тек жалбена постапка.

Барателот Мартин Пушевски - новинар/соработник на „Само прашај",Институт за комуникациски студии - Скопје, на ден 09.12.2021 година до Управниот суд достави ново барањеза слободен пристап до информации од јавен карактер.

Од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

„Сакам да Ве замолам дали може да ја добиеме пресудата од Управен суд, да видиме што пишува во неа. Се обидовме да ја пребараме одлуката на сајтот на Судот, но неколку дена не работи сервисот за пребарување."

Согласно член 24 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), е предвидено дека Ако, како резултат на добиената информација, произлезе барање за дополнителна информација поврзана со документите кои ги поседува имателот на информацијата, барателот поднесува ново барање, согласно со членовите 15 и 16 од овој закон, заедно со одговорот што веќе го добил.

Имателот на информацијата, врз основа на спроведената постапка, согласно Законо т за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), позитивно одговори на истото, па согласно член 20 став 1 од цитираниот закон, во законски предвидениот рок Ве запознава со бараната информација, и во прилог Ви доставува анонимизирана пресуда на Управен суд У-3.бр.216/2021 од 05.10.2021 година.

Поради сето претходно наведено, имателот на информацијата - Управен суд на Република Северна Македонија, согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, одлучи како во диспозитивот на решението.

**Службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер во Управниот суд**
**Емилија Џоневска**

У-3.бр.216/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Драгослав Радичевски - претседател на советот, Лулзим Салиу и М-р.Снежана Трповска - членови на советот, со записничар Кристина Николовска – помлад судски референт, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е.... Б... С., изјавена преку управителот Б... С... од С., за поништување на Решението на Државната комисија за ... ИП2.бр.10-317 од 25.02.2021 година, по основ на отстранување на градба деловен простор обејкт од втора категорија, статусен спор, на одржаната расправа на ден 28.09.2021 година во присуство на управителот Борислав Стоименов, а во отсуство на тужениот орган на ден 05.10.2021 година, согласно член 59 став 1 од Законот за управните спорови ја донесе и објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е... Б... С., изјавена преку управителот Борислав Стојменов од С., за поништување на Решението на Државната комисија за ... ИП2.бр. 10-317 од 25.02.2021 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е... Б... С., преку управителот Б... С...од С., до Управниот суд поднесе тужба со која побара да се поништи Решението на тужениот орган - Државната комисија за ... ИП2.бр.10-317 од 25.02.2021 година, со кое е одбиено како неосновано жалбата на Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е... Б...С., изјавена против решението на овластениот градежен инспектор на Општина Ц...С. ИП1 бр.33-103 од 30.11.2020 година. Со првостепеното решение во повторна постапка, се наредува на инвеститорот Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е... Б... С. по приемот на решението во рок од три дена да ја отстрани градбата деловен простор - објект втора категорија со димензии 61,00 м. х 34, 50 м. која се градела од армирано бетонска конструкција на улица ... бр.... на КП 11941 и КП 11949/14, за КО Ц... 1 С., земјиште во сопственост на инвеститорот, воведено во градежен дневник бр.42 од 30.11.2020 година на овлстениот градежен инспектор. Со истото решение инвеститорот е задолжен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка а најдоцна во рок од три дена да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка. Во точка три е наведено дека ако градбата не се отстрани во определениот рок ке се пристапи кон присилно административно извршување. Под точка четири е наведено дека трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот. Во точка пет е наведено дека жалбата против ова решение не го одлага извршувањето.

Судот, тужбата ја достави до тужениот орган и во одговор на тужба остана кон наводите на оспореното решение со предлог, тужбата да се одбие како неоснована.

Во тужбата тужителот наведува дека со оспореното решение се сторени суштествени повреди на постапка, погрешно и нецелосно е утврдена фактичката сосотјба и предложи тужбата да се уважи а оспореното решение поништи. Во тужбата се наведува дека првостепениот орган постапил спротивно на членот 64 став 1 од Законот за градење, потоа во сите решенија на инспекторот како предмет на надзор било наведено дека е деловен објект без да биде објаснето за каков тип на деловен објект се гради а се со цел да се внесе заблуда и конфузија целата работа.

На одржаната јавна расправа на ден 28.09.2021 година во присуство на управтелот на тужителот - Б... С... од С., и во отсуство на тужениот орган, управителот на тужителот изјави дека останува во целост на тужбата и тужбените наводи и појасни дека досега веке три пати сме имале од овластениот градежен инспектор потоплно исто решение за отсранување на градбата кој Комисијата ги уважуваше. Појасни дека имале одобрение за изградба на хотелски објект ТТЦ П.... со намена Б-5, за конкретниот објект имаме одобрение за доградба и наградба издадено од Општина Ц... во септември месец 2016 година и по истото решение ние почнавме да работиме и ова досега не го градевме, ние сега го градиме само подрумот кога се изгради надградбата на хотелот се направи од метална конструкција и се покажа дека оваа конструкција не може да држи и ние моравме да интервенираме а се со цел да се заштити или да се сруши и ние побаравме и добивме одобрение за рушење и имаме елаборати за тоа рушење. Ние кога срушивме имавме јама односно подрум и по наредба на инспекторатот Општина Ц.... ние направивме елаборат да се изгради градежна јама да се заштити околината. Сакам да напоменам дека ние градиме градежна јама и уште еднаш напоменувам дека димензиите што се ставени во решението се по димензии за градежна јама кој претставуваат на некој начин и заштита на објектот и околината.

Во доказна постапка Судот изврши увид во целокупната документација приложена со тужбата и увид на сите списи приложени во предметот: Решение на општина Ц... ИП 1 бр.33-103 од 30.11.2020, одобрение за градење на Општина Ц... Градоначалник УП 1 бр.27-1614 од 07.09.2016 година, одобрение за отстранување УП1 бр.27-34 од 29.03.2018 година, Решение УП 1 бр.27-514 од 19.11.2018 година, записник за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр.33-103 од 26.11.2011 година, приговор Ип1 бр.33-103 од 26.11.2020 година, основен проект за деловен објект хотел ТТЦ П... по+ приземње+ заведен под деловооден бр. 1220/18 од 05.01.2018 година, техничко решение, прва временаситуација, втора времена ситуација, завршна ситуација и увид во списи доставени од органот провстепено решение ИП 1 бр.33-103 од 30.11.2020 година и записник во оригинал од извршен инспекциски надзор на Општина Ц... ИП 1 бр.33-103 од 26.11.2020 година.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот, го испита побиваното решение согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите во тужбата, списите по предметот, увидот во доказите на расправата најде дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Имено, видно од списите по предметот со првостепеното Решение на Општина Ц... - С. бр.33-103 од 30.11.2020 година му е наредено на инвеститорот Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е... Б...С. по приемот на решението во рок од три дена да ја отстрани градбата деловен простор - објект втора категорија со димензии 61,00 м. x 34, 50 м. која се градела од армирано бетонска конструкција на

улица ... бр....на КП 11941 и КП 11949/14, за КО Ц... 1 С., земјиште во сопственост на инвеститорот, воведено во градежен дневник бр.42 од 30.11.2020 година на овлстениот градежен инспектор. Со истото решение инвеститорот е задолжен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка а најдоцна во рок од три дена да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка. Овластениот градежен инсекторат при општина Ц.... - С. извршил вонреден инспекциски надзор со увид на лице место на ден 26.11.2020 година и изготвил Запинсик за извршен инспекциски надзор ИП.бр. 33-103 од 26.11.2020 година, во кој е констатирано дека постапувајќи по насоките на Државната комисија ИП2.бр.10-71 од 24.09.2020 година овластениот градежен инспектор утврдил дека на ул. ...бр.... на КП бр.11941 и КП бр.11949/14 КО Ц... 1 С. во тек била изградба на деловен обејкт од втора категорија со димензи 61м х 34,5м и тоа избетонирана бетонска темелна плоча по целата површина на минус второ ниво, избетонирани армирано сите столбови и избетонирана армирано бетонска плоча над минус воторо ниво во подрум. Инвесторот поседувал одобрение за надградба и доградба на објект кој бил отсранет и немал на што да се надоградува и доградува. Инеспкторот во записникот констанрирал дека во моментот на надзорот се градело целосно нов деловен објект. Странките во местото на надзорот изјавиле дека не поседувале основен проект – ревидиран и правосилно одобрение за градба и изјавиле дека управителот градел во моментов според одобрение за надгардба и доградба УП1.бр.27-1416 од 07.09.2016 година и решение за потполна конструкција – потпорен зид УП1.бр.27-514 од 19.11.2018 година со цел на заштита на градежна јама и околното земјиште и во неколку наврати било известена Општина Ц.... Против решението на овластениот градежен инспектор на Општина Ц...С. ИП1 бр.33-103 од 30.11.2020 година, жалба изјавил Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е... Б... С., преку управителот Б...С... од С.. Тужениот орган согласно член 1 од Законот за основање на Државната комсија за ....., член 43 од Законот за инспекциски надзор и член 137 став 4 од Законот за градење го донел сега оспореното Решение ИП2.бр.10-317 од 25.02.2021 година, со кое на сега тужителот Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е... Б... С., изјавена преку управителот Б... С... од С. жалбата изјавена против решението на овлстаениот градежен инспектор при општина Ц... С. е одбиена како неоснована. Против решението на Државната комсија за .....ИП2.бр.10-317 од 25.02.2021 година, Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е... Б..С., преку управителот Б...С... од С. поднело тужба до Управниот суд која е заведена под У-3 бр. 216/21.

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот ја ценеше законитоста на оспореното решение на тужениот орган ИП2.бр.10-317 од 25.02.2021 година година и најде дека оспореното решение е правилно и законито, од причин што при донесување на истото постапувал и одлуката ја донел надлежниот за тоа орган, во со закон утврдената и спроведена постапка, во услови на правилно и целосно утврдена фактичка состојба, на чија основа и правилно биле применети одредбите од материјалното право, со што Судот оцени дека не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 35 од Законот за управните спорови (Службен весник на РСМ бр.96/19), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 37 став 1 од истиот закон, Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уредено со овој закон.

Согласно член 59 став 1 од истиот закон, Судот ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спроведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Согласно член 2-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2009, бр.124/2010, бр.18/2011, бр.36/2011, бр.49/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.144/2012, бр.25/2013, бр.79/2013, бр.137/2013, бр.163/2013, бр.27/2014, бр.28/2014,бр.42/2014,бр.115/2014, бр.149/2014, бр.187/2014, бр.44/2015, бр.129/2015, бр.217/2015, бр.226/2015, бр.30/2016, бр.39/2016, бр.71/2016, бр.132/2016, 35/2018 и 64/2018) во постапката при вршењето на инспекцискиот надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Согласно член 134 став 1 од истиот Законон градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор со решение ќе му нареди на инвеститорот отстранување на градба, односно на нејзин дел, ако: - се гради или е изградена без одобрение за градење од членот 59 на овој закон

Согласно член 137 став 1 од Законот за градење градење („Сл.весник на Република Македонија“ бр.130/2009, бр.124/2010, бр.18/2011, бр.36/2011, бр.49/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.144/2012, бр.25/2013, бр.79/2013, бр.137/2013, бр.163/2013, бр.27/2014, бр.28/2014, бр.42/2014, бр.115/2014, бр.149/2014, бр.187/2014, бр.44/2015, бр.129/2015,бр.217/2015,бр.226/2015,бр.30/2016, бр.39/2016, бр.71/2016, бр.132/2016, 35/2018 и 64/2018) во зависност од констатираната состојба градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор ќе состави записник, врз основа на кој донесува решение. Согласно член 137 став 3 од истиот Закон, против решението на овластениот градежен инспектор и решението на комуналниот инспектор на градот С., како и против заклучокот со кој се дозволува извршување, заклучокот за прекинување на постапката, како и заклучокот за трошоците на извршување на постапката може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Жалбата изјавена против решението на градежниот инспектор, односно овластениот градежен инспектор, не го одлага извршувањето на решението.

Согласно член 6 од Законот за инспекциски надзор („Сл.весник на Република Македонија“ бр.50/2010, бр.162/2010, бр.157/201, бр.147/2013, бр.41/2014, бр.33/2015, бр.193/2015, бр.53/2016, бр.11/2018, бр.83/2018 и 120/2018) при вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот обезбедува заштита на јавниот интерес

Согласно член 9 од истиот Закон инспекторот, по службена должност, ја утврдува фактичката состојба и изведува докази во постапката на инспекцискиот надзор.

Согласно член 13 став 2 од истиот Закон при определувањето на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци инспекторот се раководи од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на инспекцискиот надзор да ги отстрани утврдените недостатоци.

Судот во смисла на одредбите од Законот за општата управна постапка, а в.в. со одредбите од член 74 и член 137 став 3 од Законот за градење, утврди дека во конкретната управна работа постапувал и одлуката ја донел надлежниот за тоа орган во со закон утврдена постапка која ја повел и ја водел по службена должност.

Во конкретниот случај, Судот најде дека, тужениот орган правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил материјалното право, кога му наредил на на инвеститорот Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е...Б... С., во рок од 3 дена од приемот на првостепеното решение да ја  да ја отстрани градбата деловен простор - објект втора категорија со димензии 61,00 м. х 34, 50 м. која се градела од армирано бетонска конструкција на улица .. бр.... на КП 11941 и КП 11949/14, за КО Ц... 1 С., земјиште во сопственост на инвеститорот, воведено во градежен дневник бр.42 од 30.11.2020 година на овлстениот градежен инспектор, од причина што  било констатирано дека на улица ... бр.....на КП 11941 и КП 11949/14, за КО Ц....1 С., земјиште во сопственост на инвеститорот во тек било градба на нов објект - деловен простотор со димензии 61м х 34,5 м и тоа избеторина армирано бетонска темелна плоча по целата површина на минус второ ниво, избетонирани сите столбови и избетонирана армирано - бетонска плоча над минус второ ниво, за кој  инвестотарот Друштво за економски консалтинг, услуги и трговија Е... Б... С. непоседувал  правосилно одобрение за градење ниту пак на увид  доставил основен ревидиран проект договор со изведувач, надзор и останата техничка документација, а во моментот на надзорот согласно Записникот Ип1 бр.33-103 од 26.11.2020 година на овластениот инспектор е констатирано дека во моментот на надзор се градело целосно нов деловен објект и за истото  сега тужителот не поседувал одобрение за градење согласно член 59 и 134 став 1 од Законот за градење .

При одлучувањето Судот ги ценеше наводите на тужителот истакнати во тужбата дека погрешно и нецелосно била утврдена фактичката состојба, со образложение дека требало да се зема во предвид претходно донесената одлуката на второстепениот орган каде било уважено жалбата и биле поништени првостепените решениеа на првостепениот орган и дека истиот поседувал одобрение за градење и дека во записникот погрешно било наведено дека се работи за деловен објект а всушност  се заштитувало градежната јама под земја, но истите ги одби како неосновани. Ова од  причини што тужениот орган во дополнителниот Запинсик за констатација ИП.бр.33-103 од 26.11.2020 година година јасно констатирал дека сега тужителот градел целосно нов објект со зголемен габарит на две нивоа под ниво на терен и за истиот не поседувал правосилно одобрение за градење согласно член 59 и 134 став 1 од Законот за градење, ниту пак  доставил основен ревидиран проект за изградба на градежна јама, договор со изведувач, надзор и останата техничка документација. Додека пак стариот и постоечкиот објект на лице место било само едно ниво под ниво на терен и со тоа издаденото погоре наведено одобрение за доградба и надградба неможе да произведе правно дејство од причина што постоечкиот објект бил отстранет согласно издаденото одобрение за отстранување Уп1 бр.27-34 од 29.03.2018 година.

Со оглед на наведеното, следуваше Судот да одлучи како во изреката на пресудата, согласно  член 59 став 1 од Законот за управните спорови.

ПРЕСУДЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 05.10.2021 година, под У-3.бр.216/2021.

Записничар – помлад судски референт
Кристина Николовска

Претседател на совет - Судија
Драгослав Радичевски

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата, преку овој Суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република С.М., банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно истата ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Драгослав Радичевски